# Пописот и КОВИД-19:
# Протокол за безбедно попишување на терен



Попишувањето ќе се спроведува преку интервјуа „лице в лице“ во домовите на граѓаните, но може и надвор - двор, тераса, веранда, пред влезовите на зградите.

**Процедурата за попишување ќе трае во просек 20 минути.**

Попишувањето на терен ќе се одвива според следниве препорачани мерки:

1. Попишувачите ќе користат сертифицирани заштитни маски KN95, спреј за дезинфекција на рацете со 70% алкохол и каљачи за нозете.



2. Попишувачите постојано ќе ги дезинфицираат рацете, а при влегување во домовите ќе ставаат каљачи на нозете.



3. Маските се задолжителни и за сите присутни во домаќинствата.



4. Маските не смеат да се вадат и да се допираат со раце додека трае попишувањето.



5. Задолжително е физичко растојание од 1,5 до 2 метри.



6. Не смее да се јаде или пие за време на попишувањето.

7. Попишувачите ќе се дезинфицираат пред влегувањето и по излегувањето од домаќинствата.



8. Попишувачите ќе ги дезинфицираат и лаптопите пред влегувањето и по излегувањето од домаќинствата.



9. Попишувањето може да се спроведе на тераса, во двор, на веранда, но со маска и на растојание од 1.5 до 2 метри.

Интегралниот текст на Протоколот за превентивни мерки на Комисијата за заразни билести и на Владата може да го најдете на следниов линк: https://popis2021.stat.gov.mk/Upatstva/Covi19Protokol_mk.pdf



FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ПОПИС КОНЕЧНО

НВО ИНФОЦЕНТАР